## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007 и 51/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА УПРАВЕН ИНСПЕКТОР, КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО И НЕЈЗИНОТО ОДЗЕМАЊЕ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот, формата и содржината на легитимацијата на управен инспектор, како и начинот на издавањето и нејзиното одземање.

### Член 2

Образецот на легитимацијата е со големина 8х11см и се состои од два дела: едниот дел е корицата, а другиот дел е пластифицирана бела влошка со податоци за носителот на легитимацијата.

Корицата на легитимацијата е изработена од природна кожа во темно сина боја.

На предната страна од корицата, во горниот дел, со златно жолта боја е отпечатен текстот: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ", а во средината е отпечатен текстот: "ЛЕГИТИМАЦИЈА НА УПРАВЕН ИНСПЕКТОР".

Во внатрешната десна страна од кожната корица е втиснат во метална форма грбот на Република Македонија, со големина од 4см.

На предната страна од влошката, во горниот дел е отпечатен грбот на Република Македонија, а под него текстот: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВЕНУПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ, ЛЕГИТИМАЦИЈА НА УПРАВЕН ИНСПЕКТОР". Под овој текст, на левата страна се наоѓа место за фотографија, со големина 2,5х3,5см, а од десната страна регистарски број, датум на издавање, потпис на министерот за информатичко општество и администрација и место за печат (МИОА). На истата страна од влошката во долниот дел се впишуваат податоци: име и презиме, работно место-функција, матичен број и адреса на живеење на носителот на легитимацијата.

На задната страна од влошката, на легитимацијата на управниот инспектор е отпечатен текстот: „Носителот на оваа легитимација ги има сите овластувања од Законот за управната

инспекција„(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007 и 51/2011)“.

**Член 3**

Легитимацијата на управен инспектор ја издава министерот за информатичко општество и администрација.

За издадените и одземените легитимации се води евиденција во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 4**

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има статус на управен инспектор.

**Член 5**

Во случај на губење, оштетување или дотраеност на легитимацијата, инспекторот ја огласува за неважечка на сопствен трошок, за тоа го известува министерот за информатичко општество и администрација и му се издава нова легитимација.

**Член 6**

Образецот на легитимацијата на управен инспектор е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата на управен инспектор, како и начинот на издавањето и нејзиното одземање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/04).

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 21-2864/1
11 јуни 2012 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
м-р **Иво Ивановски,** с.р.